Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 302//0306
15.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 19.06.2025 година, врз основа на примена жалба од **Тони Миновски, директор на ЈП Водовод и канализација Скопје,** ја донесе следнава одлука:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстот со наслов **„ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ЗА СКОПЈЕ ТРЕБАШЕ ДА ПРОРАБОТИ ВО 2025, НО НЕ САМО ШТО НЕ Е ГОТОВА, ТУКУ НЕ СЕ ЗНАЕ НИ ДАЛИ СЕ ГРАДИ“**, објавен од онлајн медиумот СДК.мк (sdk.mk) на 25.05.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 26.05.2025 г., упати жалба за текстот „ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ЗА СКОПЈЕ ТРЕБАШЕ ДА ПРОРАБОТИ ВО 2025, НО НЕ САМО ШТО НЕ Е ГОТОВА, ТУКУ НЕ СЕ ЗНАЕ НИ ДАЛИ СЕ ГРАДИ“, објавен од онлајн медиумот СДК.мк (sdk.mk) на 25.05.2025 г., при што се жали на „неточно и нефер известување, на мешање на факти и мислења, вест со коментар, незастапена втора страна, нарушување на приватноста и на пристрасност и неурамнотеженост во информирањето“.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека „тврдењата во текстот дека проектот за пречистителна станица не е завршен и не се знае дали е почнат се паушални и тенденциозни. Изградбата на пречистителната станица е започната, проектот се одива според предвидената динамика, конзорциумот на фирми кои го добија тендерот работат активно на проектот. Тоа што СДК.мк не објави, ниту истражил, е фактот дека по склучување на Договорот за изградба на пречистителната станица за отпадни води, повеќе од две години фирмата изведувач не можеше да започне со работа бидејќи Општина Гази Баба и Општина Аеродром немаа донесено Детален урбанистички план за локацијата каде треба да се гради пречистителната станица, изведувачот немаше пристапен пат, ниту можеше да се извади одобрение за градење“.

До медиумот бил упатен и демант кој не бил објавен интегрално.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителката.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок медиумот достави одговор во кој „со индигнација ги отфрла жалбите“ (за истиот текст и од Арсовска и од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје-н.з.), „ја осудува праксата на целосна нетранспарентност и некомуникација со медиумите“ од страна на Арсовска и директорите на јавните претпријатија во градот и меѓу другото се потенцира следното:

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

САКАМДАКАЖАМ.МК испрати прашања до кабинетот на градоначалничката Данела Арсовска до каде е реализацијата на овој капитален проект, што досега е сработено и што се работи во моментов. Но, како и во целиот мандат на Арсовска, одговор на нашите прашања не добивме. На нашите телефонски повици не одговараше ниту директорот на „Водовод и канализација" Тони Миновски".

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот „ПРЕЧИСТИТЕЛНАТА СТАНИЦА ЗА СКОПЈЕ ТРЕБАШЕ ДА ПРОРАБОТИ ВО 2025, НО НЕ САМО ШТО НЕ Е ГОТОВА, ТУКУ НЕ СЕ ЗНАЕ НИ ДАЛИ СЕ ГРАДИ", објавен од онлајн медиумот СДК.мк (sdk.mk) на 25.05.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека медиумот известува за статусот на капитален инфраструктурен проект, што претставува тема од исклучително висок јавен интерес.

Во текстот јасно се укажува дека новинарката испратила прашања до кабинетот на Градоначалничката и до директорот на ЈП „Водовод и канализација", но не добила одговор. Со тоа, медиумот ја исполнил обврската да ја побара втората страна, согласно членот 1 од Кодексот. Отсуството на одговор не може да се толкува како неетичко известување – токму спротивното, тоа ја покажува непроактивната и нетранспарентна комуникација на институциите со јавноста, за што и самиот медиум дава критика.

Во таа смисла доказ е и  тврдењето на жалителот дека станува збор за прашања за кои „не можел да одговори во краткиот рок", а прашањата биле поставени во петок, но за тоа не го информирал медиумот, иако веќе во недела во демантот ги наведува сите побарани одговори.

Жалителот посочува дека се работи за „неточни и тенденциозни" тврдења, но при анализата на текстот не се забележува изнесување на непроверени или манипулативни информации. Новинарскиот стил е аналитички и критички, но не се мешаат факти и коментари на начин што би претставувал прекршување на член 13 од Кодексот. Насловот можеби има алармантен тон, но истиот е оправдан во контекст на содржината и не содржи дезинформации.

Понатаму, во жалбата се наведува дека медиумот не објавил интегрален демант. Сепак, на следниот ден по објавувањето на спорниот текст, Сакамдакажам.мк објавува нов текст во кој детално ја опишува реакцијата и на директорот на Водовод, притоа цитирајќи делови од

испратениот документ. Со тоа, суштински, медиумот овозможил простор за ставот на другата страна.

Поради тоа Комисијата на крајот од расправата заклучи дека нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595